**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

**Бр. 02-417/13**
**Скопје, 24.04.2024 г.**

**З А П И С Н И К**
од **ТРЕТА редовна седница** на Извршниот одбор на СКМ,
одржана **на ден 27.03.2024 година**

На **третата редовна седница** на Извршниот одбор на СКМ присуствуваа сите членови, и тоа:

1) д-р Мирлинд Селими,
2) д-р Димитар Малешевски,
3) д-р Арбен Асани,
4) д-р Анета Мијоска,
5) д-р Оливер Манасиев,
6) д-р Фатмир Ахмеди,
7) д-р Седат Алиу,
8) д-р Константин Гетов,
9) д-р Ѓорѓи Ников
10) д-р Марина Прентовска
11) д-р Дејан Ристевски
12) д-р Анета Мијоска.

На седницата присуствуваше и претседателот на Комората - д-р Маријан Денковски и неговите заменици: д-р Јордан Стојаноски и д-р Агрон Пашоли, како и претседателот на Надзорниот одбор, д-р Коста Изов и претседателот на Собранието - д-р Борис Стојанов.

Седницата започна во **13:30 часот**, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор, д-р Мирлинд Селими, кој го прочита предлог-дневниот ред.

Предложено беше дополнување на предложениот дневен ред од д-р Денковски, и тоа втора точка да биде *Информација за законски измени кои се однесуваат на докторите на стоматологија и активности на Комората* да биде нова точка од дневен ред. Исто така д-р Денковски истакна забелешки за точката РАЗНО каде се дискутираше за зголемување на висината на членарината и предложи да се дополни Дневниот ред со нова точка за *Разгледување и одлучување за висина на членарина,* бидејќи на минатата седница се разговараше за истото, но не се донесе одлука. Предлозите за дополнување беа едногласно прифатени.

Предложениот (изменет) дневен ред беше ставен на гласање, при што беше едногласно усвоен од сите членови и стана дневен ред со следните точки:

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на предлог-дневен ред;

1. Разгледување и усвојување на Предлог-записник од втората редовна седница на ИО, одржана на ден 13.12.2023 година;
2. Информација за законски измени кои се однесуваат на докторите на стоматологија и активности на Комората;
3. Разгледување и усвојување на Предлог-**финансиски извештај за 2023 година,** доставен од Комисијата за економски прашања;
4. Разгледување и усвојување на Предлог-**финансиски план за 2024 година,** доставен од Комисијата за економски прашања;
5. Разгледување и утврдување на **Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование;**
6. Разгледување и одлучување по **Предлози за утврдување на предлог-акти**, доставени од Комисијата за статутарни и правни прашања:

6.1. Предлог-правилник за дополнување на **Правилникот за управување со Фондот за взаемна помош бр. 02-802/6 од 06.09.2023 г.;**

6.2. **ПРЕДЛОГ – ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛИСТА НА УСЛУГИ СО УТВРДЕНИ МИНИМАЛНИ (РЕФЕРЕНТНИ) ЦЕНИ НА ПРИВАТНИТЕ СТОМАТОЛОШКИ УСЛУГИ, односно стоматолошките услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства** во приватни стоматолошки установи;

6.3. **ПРЕДЛОГ – ПРАВИЛНИК за утврдување на критериуми за огласување и рекламирање на стоматолошките здравствени установи;**

7. Разгледување и утврдување на **Предлог-листа на членови на Испитна комисија за проверка по пат на испит на стручните знаења и способности;**
8. **Разгледување на иницијативи за измени и дополнувања на акти на Комората;**
9. **Разгледување и одлучување за висина на членарина и**
10. **Разно.**

1. **Разгледување и усвојување на Предлог-записник од втората редовна седница на ИО, одржана на ден 13.12.2023 година;**

Претседателот на ИО ги повика присутните да се произнесат доколку имаат забелешки на доставениот предлог-записник од претходната седница.

Претседателот на Извршниот одбор го стави на гласање Предлог-записникот од **втората редовна седница, одржана на ден 13.12.2023 година,** а истиот беше едногласно усвоен, од присутните членови.

2. **Информација за законски измени кои се однесуваат на докторите на стоматологија и активности на Комората;**

По однос на оваа точка, се произнесе претседателот на Комората, кој истакна дека иако се донесени измени и дополнувања на ЗЗЗ, тие сеуште не се спроведуваат во пракса во целост, поради административно-технички проблеми во ФЗОРСМ, потоа поради сеуште недонесен правилник од МЗ со кој би се опфатиле поликлиниките, како и сеуште недонесени подзаконски акти на Комората за минимални цени. Претседателот најави средба со министерот во петок (29.03.2024), д-р Илир Демири, каде ќе се разговара за повеќе теми, меѓу кои и измени на Правилникот за простор, опрема и кадар (поликлиники) и измени на Правилникот за висина на трошоци за лиценца. Исто така извести дека потпишана е Декларација за вакцинација со трите медицински комори и Министерството за здравство за поддршка на имунизацијата. Во тек се преговори со ФЗО, каде тема е, по покачување на цените за специјалисти, покачување и на буџетите за нив, како и разгледување на нова листа на услуги и нов ценовник за матичните стоматолози.

Претседателот извести и за постапките кои се водат пред судовите: во Управен суд има промена на судии за тековни постапки, а голем дел од постапките веќе завршиле со пресуди во корист на Комората. Пред Основниот граѓански суд одложено е рочиштето за ЗПЗСУ и АЛФА ТВ, поради промена на судија. Уставниот суд, со Решение У.бр.147/21 од 21.02.2024 година одлучил да поведе постапка за оценување на уставноста на Јавниот повик бр. 17-271/1 од 19.02.2021 г. и Одлуката за критериуми бр. 17-234/3 од 19.02.2021 г. донесени од Комисијата за стручни стоматолошки прашања (известување од Судот е објавено денес на веб-страната на Судот, одлуката сеуште не е објавена во Службен весник). Во врска со одлуката и надлежностите на Комисијата, претседателот извести дека е добиен извештај за извршен надзор од Министерството за здравство, во кој не се констатирани неправилности околу изборот на спроведувачи на континуирано стручно усовршување, околу Одлуката за дополнителни критериуми и Јавниот повик. Од страна на Комисијата за стручни стоматолошки прашања веќе се

акредитирани сите пријавени настани до јуни, а за настаните кои се предвидени со годишниот план по месец јуни ќе се чека конечна одлука на Уставниот суд за натамошно постапување на Комисијата за стручни стоматолошки прашања. Од активностите на **меѓународен план,** претседателот присуствувал како поканет гостин во Белград и Подгорица на покана на тамошните претседатели на Коморите, а пренесол искуства во врска со работата на нашата Комора, а во иднина нивни претставници ќе се повикаат кај нас на средба во тек на месец јуни.

Добиена е покана за редовно членство од **Регулаторно тело за работа на стоматолозите во Европа** (FEDCAR - Federation of European Dental Competent Authorities and Regulators), како и за учество на претставници на нашата Комора во работата на ова тело во првата наредна седница на Собранието кое ќе се одржи на 17-ти мај оваа година во Трогир, Хрватска. Исто така, истакнато е дека овој месец ќе се одржи и состанок ЕРО-ФДИ, на кој ќе присуствуваат д-р Денковски, д-р Изов и д-р Селими.

Во наредниот период ќе се организираат Собири на доктори во сите региони. На прашање на д-р Малешевски во врска со преговорите со ФЗО, д-р Денковски одговори дека приоритет е покачувањето на цените и промена на листата на услуги за општа стоматологија, при што ќе се направат напори за дообјаснување на стоматолозите дека од 2016 година, согласно Правилник на ФЗО, композитни услуги во бочна регија не се предвидени како фондовски услуги. Во Комисијата за казни (општи стоматолози) во ФЗОРСМ треба да се предложи нов член на местото на д-р Тереза Болис Ѓуриќ, заради промена на лиценца за работа на докторката од примарна во специјалистичка. Претседателот на Надзорниот одбор, д-р Коста Изов, кој учествувал на состаноци во ФЗО, истакна дека на средба со претставници во ФЗО, добиле толкување од претставници на ФЗО за законското решение на т.н. *''пациенти на ПЗУ''*: пациентите во рок од шест месеци треба да се префрлаат еден по еден на новиот доктор; во иднина ќе се потпишуваат анекси на договорите, но сеуште не се повикани да потпишат, а добиле ветување дека фактурите ќе им бидат платени ретроградно, како и ветување дека од април оваа година доследно ќе се спроведува законското решение. Д-р Манасиев, кој е член на Комисијата за казни (специјалисти) во ФЗО, извести за изречени казни на доктори на стоматологија од Фондот, како и за причините за изрекување на казните, висината на казните кои се движат од 15-25.000,00 денари, а како доказ при изрекување на казните постоеле и изјави од пациентите. Известување за изречените казни од ФЗО ќе се објави во списанието на Комората, без назначување на имињата на докторите, а истакна дека Комората не може да им помогне во случај на вакво прекршување на закон.

**3.** Разгледување и усвојување на Предлог-**финансиски извештај за 2023 година,** доставен од Комисијата за економски прашања;

Предлог-финансискиот извештај за 2023 година го образложи д-р Коста Изов, претседател на Надзорниот одбор на СКМ, кој истакна дека истиот е разгледан на седница на Надзорниот одбор, а забележано е покачување кај трошоците за канцелариски материјали, затоа што е набавена и потрошена поголема количина на канцелариски материјали, пред се хартија, поради многубројните судки процеси, меѓу кои покренати за жал и од некои Регионални одбори. Исто така, поради спроведените избори во Комората не беше предвидено патувањето во Сиднеј на генералното собрание на ФДИ, кое сепак се реализираше.

Предлог-финансискиот извештај за 2023 година е прифатен е од сите членови, во отсуство на д-р Седат. Ќе се изготви формална одлука, која ќе се достави до Собранието.

**4. Разгледување и усвојување на Предлог-финансиски план за 2024 година, доставен од Комисијата за економски прашања;**

При изготвување на предлог-финансискиот план за 2024 година од Комисијата за економски прашања предвиден е минус, со пристојни расходи. *Денковски извести дека* Комората во моментот располага со околу 200.000,00 евра, минимален број вработени во Стручна служба и ангажирани лица. Исто така истакна дека за во иднина се разгледува можноста списанието на Комората да се издава само во електронска форма, наместо во печатена, но за тоа ќе се разговара со фирмите кои објавуваат реклами во ВОКС, а служат за финансирање на печатењето.

Доколку се усвои предлогот за зголемување на висината на членарината, финансискиот план ќе претрпи измени со ребаланс.

По кратка дискусија, предлог-финансискиот план за 2024 година беше прифатен е од сите членови – едногласно, а формална одлука ќе се достави до Собранието.

**5. Разгледување и утврдување на Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование;**

Овој Правилник е усвоен на седница на Собранието одржана на 06.09.2022 г., но по барање на Министерството за здравство и консултации со Секторот за нормативно-правни и управни работи во МЗ, доуредено е образложението на овој Правилник, а поради промена на составот на нашето Собрание, подобро е повторно да се усвои на седница, во процедура пропишана со нашите акти.

Предлог-Правилникот за изменување на Правилникот за висината на трошоците за лиценца беше едногласно усвоен од членовите на ИО, а ќе се достави за донесување до делегатите на седница на Собранието, по што доколку се усвои ќе се достави до министерот за здравство.

**6. Разгледување и одлучување по Предлози за утврдување на предлог-акти, доставени од Комисијата за статутарни и правни прашања:**

6.1. Предлог-правилник за дополнување на **Правилникот за управување со Фондот за взаемна помош бр. 02-802/6 од 06.09.2023 г.**;

Со дополнувањата на овој Правилник се предвидува можност за финансирање на докторите за курс – ALS/BLS, за што е склучен и Меморандум за соработка со медицински симулациски центар. Овој вид на курсеви ќе се бодуваат согласно одредбите на Правилникот за КСУ, а Извршниот одбор ќе одлучува за критериуми.

Се отвори дискусија и голем број од членовите на ИО истакнаа свои мислења во врска со дополнувањата на овој Правилник. Претседателот на ИО, д-р Мирлинд смета дека со ова се доведува во прашање стручноста на професорите на факултет, ова усовршување треба да се прави на факултет, а дефибрилатор не е задолжителна опрема во ординација. Д-р Седат е против усвојување на овој предлог и смета дека секој доктор да плаќа со свои средства за вакво усовршување. Д-р Стојанов се вклучи во дискусија и смета дека на оваа сметка има големи средства и може да се користат како оддолжување на колегите кои редовно плаќаат членарина. Смета дека треба да се направат поголеми истражувања дали и колку средства ќе се користат од Фондот и колку ќе влијае овој одлив на средства од оваа сметка и да не се смени нејзината намена. Денковски го пренесе ставовите на колегите истакнати при средбите во регионите, и истакна дека голем број од нив го одобруваат ова решение.

Предлогот за дополнување на овој Правилник е усвоен со 9 гласа ЗА, 1 ВОЗДРЖАН и 1 ПРОТИВ, а ќе се достави на разгледување и усвојување од Собранието на Комората.

6.2. **ПРЕДЛОГ – ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛИСТА НА УСЛУГИ СО УТВРДЕНИ МИНИМАЛНИ (РЕФЕРЕНТНИ) ЦЕНИ НА ПРИВАТНИТЕ СТОМАТОЛОШКИ УСЛУГИ, односно стоматолошките услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства** во приватни стоматолошки установи;

Согласно дополнувањата на Законот за здравствената заштита (*Службен весник на РСМ бр. 30/2024*) актот за минимални цени е предвиден како надлежност на Собранието на Комората. По донесување на овој акт од Собранието, претседателот на Комората ќе состави повремена комисија која ќе работи на утврдување на минималните цени по специјалности во Листа на минимални цени.

Предлог-правилникот за формирање листа на услуги со утврдени минимални цени на приватните стоматолошки услуги, по кратка дискусија беше едногласно усвоен и ќе се достави до Собранието за донесување.

6.3. **ПРЕДЛОГ – ПРАВИЛНИК за утврдување на критериуми за огласување и рекламирање на стоматолошките здравствени установи;**

Овој Правилник е предвиден како акт согласно одредбите на Статутот на Комората и овозможува прв пат да се регулира рекламирањето на стоматолошките здравствени установи согласно закон. Предлог-правилникот е изработен од Комисијата за статутарни и правни прашања на Комората, во консултација со правниот сектор на Комората. По кратка дискусија, Предлог-правилникот за рекламирање беше едногласно усвоен од Извршниот одбор и ќе се достави до Собранието за донесување.

7. Разгледување и утврдување на **Предлог-листа на членови на Испитна комисија за проверка по пат на испит на стручните знаења и способности;**

Согласно член 4 став 2 од Правилникот за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката *(Сл.весник на РМ бр. 115/17 и Сл. весник на РСМ бр. 217/19)*, листата на испитувачи ја утврдува Извршниот одбор на Комората. Листата на испитувачи ќе ја сочинуваат сите членови на Извршниот одбор, делегатите на Собранието и сите пријавени испитувачи за стручен испит. Формална одлука за составот на Листата на испитувачи ќе изготви Стручната служба.

**8. Разгледување на иницијативи за измени и дополнувања на акти на Комората;**

Се отвори дискусија за потребата од измена на актите на Комората, надлежна за подготовка на измена на актите е Комисијата за стратутарни и правни прашања, а свои предлози може да достават сите членови на органите и телата, како и сите останати членови на Комората.

**9. Разгледување и одлучување за висина на членарина**

По однос на оваа точка се отвори дискусија за висината на членарината во Лекарската (2.500 ден. без солидарен фонд) и Фармацевтската комора, каде истата за нивните членови е повисока во споредба со членарината кој а ја плаќаат членовите на СКМ. Во Коморите во регионот има значително повисока членарина за стоматолозите (пр. Црна Гора, Косово итн.). Членарината во нашата Комора никогаш не е променета, освен во 2007 година, кога е намалена од 2.400 денари, а се наплаќало 1.200 денари за вчитување сертификати. Согласно доставениот предлог ќе се овозможи плаќање однапред на повеќе години по сегашната цена, а новата цена ќе важи од 01.02.2025 година.

Во дискусијата околу утврдување предлог за висина на членарина се вклучија сите членови на Извршниот одбор, при што најприфатлив беше предлогот на д-р Стојанов, висината на членарината за

тековната 2024 година да изнесува **2.400,00 денари** / како и да се овозможи плаќање однапред на повеќе години по сегашната цена, а новата цена да важи од 01.02.2025 година. Овој предлог беше усвоен со 8 гласа ЗА, 1 против и 3 ВОЗДРЖАНИ, а истиот ќе се достави до Собранието, кое е надлежно да утврдува висина на членарина, и тоа со двотретинско мнозинство.

**8. Разно.**

По однос на оваа точка се отворија дискусии на повеќе теми.

Претседателот на Комората предложи да се разгледа можноста за купување на дополнителен деловен простор кој ќе се користи како едукативен центар, а за таа цел ќе формира работна група која ќе го разгледа овој предлог и ќе се разгледаат соседните станбени единици до деловниот простор кој го поседува Комората.

Членовите на ИО едногласно одлучија известител за Собрание од Извршен одбор да биде д-р Денковски.

Од Комисијата за стручни стоматолошки прашања е добиено Известување од одржаниот стручен настан во Велес, каде супервизорот на настанот бил известен дека се пријавени 150 учесници, место во салата имало за 80 учесници, а од организаторот биле побарани бар-кодови за 200 учесници.

Комисијата побарала да се доставaт насоки за спроведување на одредбите од Правилникот, со цел доследно да се почитуваат истите, а од страна на организаторот да се обезбеди простор најмалку за 70% од учесниците (од бројот на бар-кодовите). Да се информираат и акредитираните организатори за обврските согласно Правилникот.

Претседателот на Собранието д-р Стојанов извести дека седница на Собранието на Комората најверојатно ќе се одржи на 12.04.2024 (петок) во 12 часот во Музеј на на македонска борба.

Откако беа исцрпени сите точки за дискусија, претседателот на ИО ја затвори седницата во 15:30.

*Записничар,*

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател на Извршен одбор на СКМ,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

*Содржината на овој Записник е од интерен карактер за телата и органите на Стоматолошката комора на Македонија и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.